РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
"ЖИВКО ЧИНГО"
с. Велгошти, Охрид
Бр. 01-1271/1
13.06 2024 год.

# ООУ „Живко Чинго" с. Велгошти – Охрид

ООУ ЖИВКО ЧИНГО
С. ВЕЛГОШТИ - ОХРИД

## САМОЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

## за периодот 2022 - 2024 година

директор: Љубица Ангелоска Кркачоска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
"ЖИВКО ЧИНГО"
с. Велгошти, Охрид

с. Велгошти, јуни 2024 година

## ПОДРАЧЈЕ I: Организација и реализација на наставата и учењето

Наставните планови и програми во нашето училиште во целост се применуваат од страна на сите наставници. Во нашето училиште нема категоризирани ученици со посебни потреби и затоа нема изготвено за нив посебна програма. За учениците со потешкотии во учењето наставниците ги прилагодуваат барањата според нивните способности. Учениците (заедно со своите родители) од IV до IX одделение во месец мај пополнуваат анкета за изборен предмет кој ќе го изучуваат во наредната учебна година. Наставниците изготвуваат планови и програми за додатна и Дополнителна настава за проширување и продлабочување на знаењата на учениците. Во нашето училиште не се прави разлика ни според родова, ни според етичка припадност. За сите ученици и машки и женски, и македонци, а и од другите етнички заедници (Египќани) се користат истите наставни програми и учебни помагала. Според потребите на наставната програма наставниците секој по својот предмет организираат посета на чинители од локалната средина заради проширување на знаењата на учениците. Наставниците според целите за одредени наставни предмети вршат меѓупредметна интеграција и ги прилагодуваат содржините според истите цели кои треба да се постигнат.

Наставниците и родителите немаат влијание врз наставните планови и програми, затоа што тие доаѓаат готови од БРО. Обемот и разновидноста на воннаставните активности се планира според препораките на БРО и МОН. Сите ученици од нашето училиште се опфатени со воннаставни активности преку секции, грижа за здравјето, соработка со локалната средина, општествено корисна и хуманитарна работа. Учениците се вклучени при изборот на секции како воннаставни активности.

Наставниците при подготовката на планирањата имаат целосна поддршка, од страна на психологот и директорот. Наставниците секогаш разменуваат искуства од претходните учебни години за наредната учебна година по пат на средби на стручни активи. Одделенските наставници самостојно ги подготвуваат распоредите за

своите часови, а додека кај предметните наставници тоа го прави тим на наставници кој врши усогласување на часовите на сите предметни наставници водејќи сметка за оние што доаѓаат од други училишта. Според потребите за своите часови наставниците самостојно избираат форми и методи со што би се подобрила интеракцијата меѓу учениците, исто така и меѓу наставниците и учениците. При изборот на задачи, активности и ресурси наставникот има слобода на избор тоа да го направи од учебниците, постоечкиот нагледен материјал во училиштето, интернет.

Помеѓу наставниците и учениците постои интеракција што се гледа преку употребата на современи методи и техники на учење. Повеќе учење, дружење, разбирање.Учениците постојано се поттикнуваат за преземање одговорност, преку наставните часови, вонаставните активности, слободни активности по одредени наставни премети, како и одржување работилници од Детска организација, состаноци во рамки на Ученичка заедница и ПЦК.

Интеракцијата на учениците меѓу себе се поттикнува на редовната настава со користење техники, форми, методи, како и преку реализирање работилници од страна на психологот и во рамки на детска организација.

Заеднички активности на учениците и возрасните освен на редовната настава, се реализира и преку разни активности (манифестации) за одбележување на некои датуми, празници, како и во рамки на работилниците што се реализираат со ученици од страна на психологот.

Образовните потреби на учениците се идентификуваат преку: анкета за учениците за избор на слободни ученички активности, анкета за учениците од IV V,VI, VII и VIII одделение за изборен предмет кој ќе го изучуваат во наредната учебна година, вклучување во додатна и дополнителна настава во зависност од напредувањето на учениците во наставата (го вршат одделенските и предметните наставници, како и психологот).

Наставниците во училиштето им даваат поддршкана учениците во задоволувањето на индивидуалните образовни потреби на учениците преку

организирање: додатна настава, дополнителна настава, слободни ученички активности, можност за учество на натпревари, наградни литературни и ликовни конкурси, продолжен престој каде на учениците им се помага да го совладаат она што не успеале да го совладаат на наставниот час. Учениците во нашето училиште се оценуваат според Блумовата таксономија. Во зависност од одделението тие се описно, бројчано и комбинирано оценети.

Во рамките на нашето училиште се спроведуваат формативното, сумативното и дијагностичкото оценување. Информациите од оценувањето се користат за превземање на понатамошни активности за целосно остварување на поставените цели. Информациите од формативното оценување се користат за формирање на сумативната оцена.

За заштита од физички повреди и елементарни напогоди учениците (по желба) плаќаат надоместок за осигурување и посетуваат работилници и предавања на оваа тема. Наставниците од нашето училиште на часовите на одделенската заедница, а во соработка со МВР и Црвен крст Охрид организираат предавања на оваа тема. Во училиштето нема кујна. Учениците купуваат храна од околните продавници или носат од своите домови. Во нашето училиште немаме ученици со телесни пречки во развојот, во смисла сегашните физички услови да му претставуваат бариера за нормално следење на наставата, но повремено се случуваат повреди кај учениците и се соочуваме со проблем за нормален пристап до училницата бидејќи училиштето е на катови (приземје, прв и втор кат). Во училиштето не постојат услови за нивно непречено движење. Нема пристапна рампа до училиштето за ученици со телесен инвалидитет. Изготвен е проект, потребно е обезбедување на финансиски средства за реализација на истиот Единствена услуга што им се прави на учениците со некаков вид на повреда е да се замени училницата и тие да учат на првиот кат каде имаат полесен пристап до тоалет и влез во училиштето. Советот на родители, месната заедница, Црвен крст Охрид и црковниот одбор од Велгошти во соработка со нашето училиште спроведуваат акции за помош на социјално загрозените семејства. Со цел одржување на хигиената и заштита од болести во училиштето се преземаат следниве активности: редовно се чистат и

проветруваат училишните простории, се врши  редовна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на просториите од Центар за јавно здравје, се одржуваат предавања од страна на наставниците, од невладини организации, како и од тимови од стручни лица (стоматолози и др.), се вршат редовни систематски прегледи на учениците и наставниците За учениците со здравствени проблеми училиштето ги презема следниве активности:се следат учениците и се упатуваат родителите да вршат редовни лекарски контроли, советодавни консултативни разговори на одделенските раководители и психологот, со родителите на тие ученици, се организираат редовни систематски здравствени и стоматолошки прегледи за учениците во соработка со Медицински Центар Охрид, за учениците со потешкотии во учењето барањата се прилагодуваат според нивните можности.

Училиштето на нашите ученици во изборот на понатамошното образование им помага на преку тоа што психологот врши запознавање со конкурсот за упис во средни училишта, начин на пресметување поени, потребни документи и рок  за уписи; реализира тема „Последици од погрешен избор на занимање"; се спроведува тест за утврдување на професионалните интереи на учениците; се реализираат индивидуални советодавни разговори, помош и поддршка при пресметување поени им се овозможува посета на средни училишта во градот и околината; им се организираат презентации од страна на средните училишта од Охрид и околината кои ќе се најават за истото; им се делат флаери и други материјали кои ни се даваат на располагање од страна на средните училишта од градот и околината.

Учениците со емоционални проблеми најпрво ги лоцираат одделенските раководители. Потоа за тоа се известува психологот во училиштето која презема континуирани советодавни разговори, преку кои ученикот добива поддршка. Потоа се повикуваат родителите на советодавно консултативен разговор и доколку има потреба се продолжува понатаму и се остварува контакт со Центарот за социјална работа. Исто така училиштето во соработка со Медицински Центар организира редовни систематски прегледи во текот на учебната година за сите машки и женски ученици од I, III, V, VII и IX одд и информирање на родителите за евентуални здравствени проблеми на нивните деца.



**ЈАКИ СТРАНИ:**

- Наставните планови и програми во нашето училиште во целост се применуваат од страна на сите наставници.
- Наставниците планираат дополнителна и додатна настава на почетокот од учебната година.
- Според потребите на наставната програма наставниците секој по својот предмет организираат посета на чинители од локалната средина заради проширување на знаењата на учениците.
- Наставниците при подготовката на планирањата имаат целосна поддршка од директорот и психологот, кои понатаму и вршат увид врз
- планирањата. Помеѓу наставниците и учениците постои голема интеракција што се гледа преку употребата на современи методи и техники на учење.

- Условите во нашето училиште се доволни за да ги стимулираат учениците да учат и да постигнуваат повисоки резултати. да учат и да постигнуваат повисоки резултати.
- Наставниците во нашето училиште во голема мера ги стимулираат учениците Во рамки на ученичките заедници, одделенските заедници, психологот, наставниците и други надворешни субјекти реализираат работилници со учениците од превентивен карактер.
- Се преземаат активности за здравствена заштита на учениците.
- Нашето училиште во соработка со други фактори и институции спроведува акции за помош на социјално загрозените семејства.
- Училиштето се грижи за изборот на понатамошното образование на нашите ученици.

**СЛАБИ СТРАНИ:**

- Во училиштето нема училишна кујна. Учениците купуваат храна од околните продавници или носат од своите домови. Повеќето од нив
- користат брза храна и газирани пијалоци кои не се корисни за здравјето.
- Во училиштето не постојат услови за непречено движење на ученици со телесни пречки.
- Немање можност на наставниците да влијаат врз обемот и содржината на наставните планови и програми
- Изборот на наставен предмет што ќе го изучуваат учениците во предметна настава е условен од веќе постоечкиот наставен кадар
- Дисциплината на часовите повремено и од поедини ученици е нарушена.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ** (Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето):

- Изнаоѓање начин за отворање кујна или обезбедување квалитетна храна за учениците внатре во училиштето.
- Изградба на патека и создавање услови за непречено движење на ученици со телесни пречки (доколку во иднина би имале ученици со такви потреби)
- Создавање максимум услови за слободен избор на изборни премети во предметна настава
- Превземање активности за подобрување на дисциплината на поединиученици за време на часовите.

## ПОДРАЧЈЕ II: Постигнувања на учениците

Постигнувањата на учениците се следат континуирано и за секој класификационен период се прават анализи на успехот по предмети, паралелки, учебни години и класификациони периоди. Исто така за секој класификационен период се изготвува и табела со ученици со слаби оцени, во која се гледа етничката припадност и полот на учениците со слаби оцени.

За подобрување на постигнувањата кај учениците се преземаат следниве активности: дополнителна, додатна настава, воннаставни активности, индивидуални разговори и советувања на ученици, советување на родители. Оваа разлика не е поврзана со пол и етничка припадност.

Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби ја врши одделенскиот раководител, предметните наставници, стручната служба и родителите. Постигањата на учениците низ редовната, додатната и дополнителната настава

постојано се подобруваат во текот на годината. Тоа се гледа преку споредбите што психологот ги прави во однос на претходниот класификационен период и/или истиот класификационен период минатата година.

Постигнувањата на учениците континуирано се следат при премин од одделенска во предметна настава, се прават споредби и анализи во однос на успех по предмети, успех на ниво на паралелки и успех на ниво на училиште. Се следи и успехот при преминот на учениците во средно образование.

Училиштето ги опфаќа учениците од 6 до 15 години со постојано место на живеење во с. Велгошти и околните улици. Во последните 2-3 години нема ученици кои го повторувале одделението, само има ученици кои го напуштиле училиштето поради преселување во странство или на друго место во нашата држава. Редовноста на учениците во доаѓање на училиште не е на посакуваното ниво особено од помал број ученици кои често изостануваат од наставата.

Наставниците водат евиденција за напредување на секој ученик, ученичко портфолио, во кое се содржани тестови, наставни листови со повратна информација, чек листи и разни изработки. За секој класификационен период се врши анализа на успехот на учениците по паралелки и се прави споредбен успех по паралелки со минатата година.

**ЈАКИ СТРАНИ:**

- Постигнувањата на учениците се следат континуирано и за секој класификационен период се прават анализи на успехот по предмети, паралелки, учебни години и класификациони периоди.
- За секој класификационен период се изготвува и табела со ученици со слаби оцени, во која се гледа етничката припадност на учениците со слаби оцени.
- Успехот од година во година или од период во период варира незначително, и не е поврзан со разлика во однос на пол, националност или етничка основа.

- Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби ја врши одделенскиот раководител, предметните наставници, стручната служба и родителите.
- Во последните две години нема ученици кои го повториле одделението, има мал број ученици го напуштиле истото заради преселување.
- Наставниците водат евиденција за напредување на секој ученик, ученичко портфолио, во кое се содржани тестови, наставни листови со повратна информација, чек листи и разни изработки.
- За секој класификационен период се врши анализа на успехот на учениците по паралелки и се прави споредбен успех по паралелки со минатата година Се следи и успехот на учениците при премин од основно во средно училиште.

**СЛАБИ СТРАНИ:**

- Редовноста на учениците во доаѓање на училиште не е на посакуваното ниво. Помал број ученици не ја посетуваат редовно наставата
- Слаба мотивираност на учениците за учество на наградни ликовни илитературни конкурси и натпревари во знаење.
- Слаба мотивираност на учениците за учество во проекти
- Немање услови за обезбедување на целодневен престој на учениците, што е една од причините во училиштето да има помал број на запишани првооделенци.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ** (Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето):

- Да се настојува да се подобри редовноста во доаѓање на училиште со навремено посетување на матичен лекар, да се сведе на минимум ослободувањето

- од настава на учениците од страна на родителите за приватни цели, да се соработува со Центарот за социјална работа.
- Да се создаваат услови во училиштето за поголема мотивација на учениците од предметна настава за учество на наградни конкурси, натпревари во знаењеи спорт и учество во проектни активности.
- Доколку се создадат во иднина услови во училиштето да се организира целодневен престој за учениците од одделенска настава.

## ПОДРАЧЈЕ III: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар

Бројот на вработените во училиштето изнесува 35 (од кои 25 наставници), секој вработен е соодветен на работата која ја извршува во училиште. Секој вработен е распореден според нормативот што го исполнува и образование кое го има завршено (во одделенска настава 10 одделенски наставници, 1 наставник по англиски јазик и 1 наставник по ФЗО додека во предметна настава 14 наставници според нормативот за наставниот предмет кој го предаваат). Часовите по Природни науки и Техничко образование во V одделение ги предаваат предметни наставници. Стручната служба во училиштето не е комплетна, вработен е само психолог, нема педагог ниту дефектолог, иако во неколку наврати писмено училиштето се обратило до надлежните служби за вработување на ваков стручен кадар.

Психологот на училиштето постојано дава поддршка на наставниот кадар преку:

- Учество во работата на стручни активи, помош во организирање на состаноции изготвување на записници
- Предавања на активите од страна на психологот,

- Одржување на работилници за воспитно образовната работа, - Индивидуална работа со учениците со потешкотии во учењето,
- Следење на наставни часови,
- Давање совети за одржување успешни часови.
- Увид на годишните-тематски планирања за секој наставен предмет,
- Запознавање на наставниот кадар со измени во наставниот план и програма
- Стручни консултации.

Професионалниот развој на наставниците се врши преку посета на семинари и обуки од страна на МОН и БРО и други стручни лица од одредена област, работилници, стручни активи, размена на идеи и искуства меѓу наставниците.

**ЈАКИ СТРАНИ:**

- Вработениот кадар во училиштето е стручен и распореден соодветно според неговото образование. (со исклучок на 1 наставник кој е на определено работно време)
- Психологот постојано дава поддршка на наставниот кадар преку разни методи и форми на работа. Најчесто соработката се однесува на планирањето и реализацијата на наставните планови и програми и разрешувањето на проблемите поврзани со учењето, редовноста во доаѓање на училиште и поведението на учениците.
- Професионалниот развој на наставниците се врши преку посета на семинари и обуки од страна на МОН и БРО и други стручни лица од одредена област, работилници, стручни активи, размена на идеи и искуства меѓу наставниците. Нашиот воспитно-образовен кадар редовно ги посетува истите.

**СЛАБИ СТРАНИ:**

- Некомплетна стручна служба. Училиштето има само психолог, а има потреба и од педагог и од дефектолог.

- Немање средства за обезбедување повеќе бесплатни обуки за наставниоткадар и стручната служба

**ИДНИ АКТИВНОСТИ** (Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето):

- Постојано да се обезбедува учество на наставниот и останатиот кадар на обуки, предавања, работилници за нивен професионален развој.
- Да се настојува да се комплетира стручната служба со педагог и дефектолог Дасе организираат разни форми на професионален развој (отворени часови, нагледни часови, дебати, акциони истражувања, меѓуучилишна средба).
- Доколку надлежните МОН и БРО не организираат едукација според искажаните потреби на наставниот кадар, самото училиште да се по грижи за реализација на истата.

## ПОДРАЧЈЕ IV: Управување и раководење

Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор. Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена, и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите на учениците, еден претставник од основачот, 1 ученик претставник на ученичкиот парламент без право на глас. Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години. Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Орган на раководење во основното училиште е директорот. Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално финансиското работење на училиштето. За директор на основно училиште може да се избира лице кое има најмалку високо образование и кое ги исполнува условите за наставник или стручен соработник во основно училиште и ако има најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовната работа, положен испит за директор. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.

Училиштето изготвува Самоевалуација на секои две години, а на секои 4 години Програма за развој на училиштето и оттука се поставуваат училишни цели. Секоја година се изготвува Годишната програма за работа на училиштето, која ја изготвува стручен тим составен од директорот, психологот и наставниците. На крајот од учебната година се врши евалуација на реализираната Годишна програма на училиштето. Се изработува извештај за работата на училиштето и се предлагаат приоритетни цели и стратегии за нивна реализација за наредната учебна година.

Нашето училиште има изработено четиригодишна Програма за развој на училиштето во која се јасно дефинирани приоритетите на работењето. Училиштето постојано ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниот и стручниот кадар. Во соработка со МОН и Бирото за развој на образованиоето, директорот, психологот, наставниците и административно-техничкиот персонал постојано се стекнуваа со нови знаења и професионално се усовршува и надградува.

Професионалното усовршување се остварува преку акредитирани програми за обука кои ги реализираат јавни и приватни установи, здруженија на граѓани и трговски друштва чии програми се акредитирани. По извршените обуки се утврдуваат придобивките, се вршат дисеминации на другите наставници и воедно се следи нивната реализација.

Училиштето постојано ги планира и обезбедува материјално-техничките средства, додека постоечките нагледни средства континуирано се одржуваат и оптимално се користат. Постојано се прават листи на приоритети и истите се земаат во предвид кога има некоја донација. Исто така се изготвуваат проекти за

подобрување на материјално техничките средства. Училиштето постојано се труди да ги менува и подобрува условите за работа.

Училиштето има партерско уредување, 4 асфалтирани влеза поврзани со асфалтирани патеки до училиштето. Училиштето има паркинг, осветлување, водовод и канализација. Во училишниот двор има спортски терен за фудбал. Училишниот двор е ограден, скалите се поплочени и се со безбедна ограда. Главниот влезе покриен со настрешница.

Во училишните холови се преградени и се направени помошни простории, каде наставниците ја чуваат нагледноста по одредени предмети. Училиштето располага со 10 училници кои ги задоволуваат педагошко психолошките стандарди за изведување настава во нив, 1 кабинет по информатика опремен со компјутери и 4 помали помошни простории по наставните предмети: математика-физика, географија-историја, македонски јазик-странски јазици и биологија-хемија кои се опремени со нагледни средства по наведените предмети. Училиштето поседува 4 канцеларии за: наставници, за директор, за секретар, за психолог, 4 помали простории од кои една е за архива, една е работилница за хаус мајстор домаќин, една е приспособена за чајна кујна, една просторија за хигиеничари, библиотека, санитарни јазли на трите нивоа и котлара.

Просторните обезбедена е со ормар во кој се чуваат некои нагледни средства и изработки. На прозорците во училниците се поставени жалузини, со кои се регулира светлината капацитети се максимално искористени во нашето училиште. Училишните простории се опремени со училишен и канцелариски мебел. Секоја од училниците во училницата.

Од наставна техника училиштето поседува: 4 паметни табли (5 ЛЦД проектори), 2 графоскопи; 7 телевизори; 1 видеорекордер; 1 ДВД плеер, 1 автоматски проектор; 1 неисправен механички проектор; 1 кинопроектор од 8 мм; 1 радио; 15 постари компјутери и 80 компјутери донирани од проектот. КОМПЈУТЕР ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ; 2 касетофони; 4 лаптоп компјутери; 3 ЦД плеери; 3 факс машини со копирка и скенер; 1 дигитален фотоапарат; 2 флип чарт табли и 66 мини лап топ компјутери за

учениците од одделенска настава (кои не се користат заради неисправност). Набавени се и 12 нови компјутери и повеќе нагледни средства кои ќе се користат по природно математичката група предмети.

Училиштето не располага со доволно стручна литература. Потребна е стручна литература и тоа: речници по англиски и германски јазик, педагошко-психолошка литература, енциклопедии. Училишната библиотека располага со задоволителен број на лектирни изданија, но сепак се следи потребата на наставата од нови лектирни изданија и истите навремено се набавуваат.

Во однос на нагледноста, наставниците навеле дека недостасуваат: Пијанино по музичко образование, магнети, ДВД плеер, струјно коло, шестар, карти за светските војни по историја, букварки, планетарен систем, модел на карпи, јажиња за скокање, плинско или решо, хемиски средства и прибор, друштвени игри за вежби по англиски јазик, клешти батерии, штрафцигер, лемилици по техничко образование, компјутер за секој ученик, интернет.

Во интервјуто направено со директорот, се добија информации дека во рамките на нашите можности се трудиме максимално колку што можеме да им удоволиме на нашите вработени. Во секое време имаме тонер за копирката и принтерите за наставниците и службите. Секогаш на наставниците им се платени патните трошоци за нив и за нашите ученици за да учествуваат на натпревари.

Од анкетата спроведена со наставници може да се заклучи дека поголемиот дел наставници се задоволни од потрошните материјали што им ги обезбедува училиштето. Но сепак во работата им недостасува:

1. Хартија за печатење
2. Хамери бели и во боја
3. Хартија во боја
4. Тонер
5. Маркери
6. Стикери

7. Лепак
8. Копирка

За почитување на законската регулатива во однос на финансиското работење се врши изготвување на финансови планови и спроведување на постапки на Јавни набавки. Средствата за финансирање на дејноста на основното образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите на Република Северна Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Транспарентност се постигнува преку запознавање на вработените на училиштето, членовите на Училишниот одбор, советот на родители и локалната самоуправа.



**ЈАКИ СТРАНИ:**

- Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.
- Училиштето изготвува Самоевалуација на секои две години, а на секои 4 години Програма за развој на училиштето и оттука се поставуваат училишни цели. Училиштето постојано ги планира и обезбедува материјално-техничките средства, додека постоечките нагледни средства континуирано се одржуваат и се користат.
- Училиштето располага со одлични услови за работа, како инфраструктурни, материјално-технички, така и со богата нагледност која постојано се збогатува.
- Училиштето се труди во секое време има тонер за копирката и принтерите за наставниците и службите.
- Се настојува на наставниците и учениците им се платени патните трошоци, за да учествуваат на натпревари. Директорот смета дека во рамките на можностите од училиштето се обезбедуваат средства колку што се може максимално за да им се удоволи на сите
- вработени.
- Училиштето располага со училишна библиотека која е снабдена со лектирни изданија за учениците.

**СЛАБИ СТРАНИ:**

- Недостасуваат лектири од домашни и странски автори според новата образовна концепција, енциклопедии и стручна литература, литература на англиски јазик прилагодена на возраста на учениците.
- Има недостаток од некои нагледни средства.
- Недостасува потрошен материјал за наставниците

**ИДНИ АКТИВНОСТИ** (Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето):

- Училиштето да изнајде начини за планирање, обезбедување и еднакво распределување на потрошен материјал за потребите на сите наставници.
- Да се набават потребните лектири за училишната библиотека според новата образовна концепција.
- Да се набават потребните енциклопедии и потребната стручна литература
- Да се направи приоритетна листа на нагледни средства и истите да се набаватод сопствени средства или од средства од донација.

## ПОДРАЧЈЕ V: Комуникациски односи со јавноста

На наставничкиот совет во јули, пред почетокот на новата учебна година, наставниците се запознаваат со одобрените наставни планови и програми од страна на БРО и МОН и истите им се цело време достапни.

Родителите добиваат информации за наставните планови и програми на првата родителска средба. Тие во септември од страна на одделенскиот раководител добиваат брошура со сите програмски измени кои настанале по одделни предмети. Информации за наставните планови и програми родителите добиваат и на состаноците од Советот на родители.

Учениците се запознаваат со наставните планови и програми на почетокот на учебната година од одделенскиот и предметниот наставник. Учениците и училиштето се афирмираат преку:

- учество на натпревари (државни, општински, регионални, меѓународни)
- изработка и презентација на разни предмети на слободните ученичкиактивности и работилници
- организирање на базар и пласирање на информациите на локалните медиуми

- организирање приредби во рамките на нашето училиште.

Родителите за напредокот на учениците се известуваат преку:

- родителските средби
- индивидуалните средби со одделенските и предметните наставници
- преку електронскиот дневник
- преку евидентни листови за успехот и поведението на ученикот во текот на целата учебна година
- огласната табла каде што се истакнуваат резултатите и постигнувањата по одделенија
- состаноци на Совет на родители

Личните постигања на учениците се промовираат:

- на родителски средби
- преку локалните медиуми и социјалните мрежи
- истакнување на огласната табла

Училиштето се промовира со учество на учениците на натпревари (државни, општински, регионални, меѓународни), преку истакнување на успесите по медиуми, учество во емисии, истакнување на успесите на празнувањето на Патрониот празник на училиштето.

**ЈАКИ СТРАНИ:**

- Наставниците, учениците и родителите се навремено информирани занаставните планови и програми.
- Има разни начини на кои се афирмираат учениците и училиштето (прекуучество на натпревари, учество на конкурси, а постигнатите успеси се

објавуваат на Facebook и Web страната на училиштето и преку локалните медиуми)

- Родителите се навремено информирани за напредокот на нивните деца, на индувидуални и заеднички родителски средби.

**СЛАБИ СТРАНИ:**

/

**ИДНИ АКТИВНОСТИ** (Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето):

/

## ПОДРАЧЈЕ VI: Училишна клима и култура

Угледот на училиштето во општина Охрид е на солидно ниво. Во училиштето постои кодекс на однесување за ученици, наставници и стручни соработници, како и на родители, кои генерално се почитуваат и се истакнати на видно место во училиштето. Поведението и дисциплината не се секогаш на задоволително ниво и посакувано ниво, за секое прекршување на куќниот ред се преземаат соодветни мерки (советувања, укажувања) кои ако не вродат со промена се изрекуваат и педагошки мерки.

Учениците учествуваат во:

- Ученичка заедница
- Ученички парламент
- Детска организација

- Подмладок на Црвен Крст, и преку нив учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки.
- Двајца ученици се членови на Училишниот одбор, присуствуваат на состаноците, но не гласаат при донесувањето одлуки од овој орган на управување.

Учениците ги познаваат основните права на децата, со нив се запознаваат од првиот училишен ден, преку брошура за родителите, а исто така по повеќе наставни предмети се запознаваат со Конвенцијата за правата на децата.

Во училиштето се изведуваат активности во рамките на проектот, Развивање на демократска клима во училиштата, истите се промовираат на отворен ден на училиштето.

Во училиштето се почитува и промовира меѓуетничката интеграција. Се соработува со Партнер-училиштето со мешан етнички состав „Фаик Коница'' од Тетово. Пред пандемијата со Корона вирусот се одржуваа заеднички активности, часови посети на излетнички места, спортски натпревари. Последните две учебни години соработката се одвива online. Исто така се обработуваат теми за меѓуетничка толеранција и почитување на часовите за одделенска заедница, како и на часовите од другите предмети каде се обработуваат содржини за меѓуетничка толеранција и взаемно почитување.

**ЈАКИ СТРАНИ:**

- Во училиштето постои кодекс на однесување за ученици, наставници и стручни соработници, родители, кој генерално се почитува и е истакнат на видно место во училиштето.
- За секое прекршување на поведението се преземаат навремени мерки

- Учениците ги познаваат правата на децата, со нив се запознаваат од страна на нивните наставници. По многу наставни предмети гизучуваат правата на децата.
- Наставниците се однесуваат еднакво и правично кон сите ученици и не прават дискриминација по никаква основа.
- Во училиштето се почитува и промовира меѓуетничката интеграција. Се соработува со Партнер-Училиштето со мешан етнички состав „Фаик Коница'' од Тетово.

**СЛАБИ СТРАНИ:**

- Постои повремено непочитување на  наставниците  од страна  ана на поедидини ученици
- Дисциплината на часовите повремено ја нарушуваат поедини ученици
- Повремено доаѓа до меѓусебно непочитување меѓу учениците најчестовербално или упатување навреди преку социјалните мрежи

**ИДНИ АКТИВНОСТИ** (Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето):

- Да се почитуваат Кодексот на однесување на ученици, наставници, стручни соработници, родители и Правилникот за изрекување пофалби, награди и педагошки мерки, како и доследно да се спроведуваат.
- Да се зајкне соработката со родителите заради подобрување на однесувањетона поедини ученици за време на часовите и одморите
- Да се продолжи и понатаму со воспитно делување врз учениците за меѓусебно почитување и толеранција.

## ПОДРАЧЈЕ VII: Соработка со родителите и локалната средина

Нашето училиште редовно и навремено ги информира родителите за успехот и напредувањето на нивните деца на редовните родителски средби (5 редовни) или преку индивидуални состаноци.

Родителите добиваат информации по електронски пат од е-дневникот. На почетокот на учебната година родителите на првата родителска средба се запознаваат со Годишната програма за работа на училиштето преку добивање Брошура со најважните податоци за тековната учебна година. Со вклучување на родителите во Советот на родители и во активностите што истиот ги презема или се вклучува во активностите преземени од училиштето.

Тројца родители се членови во Училишниот одбор на училиштето, така што родителите индиректно преку свои претставници учествуваат во највисокиот управен орган на училиштето. Многу често родителите се вклучуваат и земаат учество во вон-наставните активности во училиштето, во организирањето и реализирањето на разни приредби и манифестации, велигденски и новогодишни базари.

Училиштето соработува со локалната заедница на следниве начини при реализација на одредени наставни содржини учениците заедно со наставниците посетуваат одредени институции од локалната заедница и разговараат со соодветни лица, со цел реализација на наставните цели (музеи, Дом на култура, аеродром) Црковниот одбор од с. Велгошти помага со донации во различни прилики.Соработка со Медицински центар за систематски прегледи, редовни вакцинации за учениците, систематски прегледи на забите. Училиштето организира предавања за здраствена зштита и безбедност во сообраќајот, врсничко насилство и сајбер булинг од страна на МВР-Охрид.

Нашето училиште соработува со другите училишта преку размена на искуства, заедничко учество на семинари, работилници. Локалната заедница помагасо донации при организирање патронат, при учество на наши ученици на натпревари и други разни манифестации.

Училиштето соработува и со невладиниот сектор, при што по пат на донацииучилиштето ја подобрува нагледноста во наставата.

**ЈАКИ СТРАНИ:**

- Родителите се вклучени во животот и работата на училиштето.
- Локалната средина се вклучува во поддршка и финансирање на проектите заподобрување на условите во училиштето. Локалната средина се вклучува во помагање на ученици од социјално загрозени семејства.
- Училиштето соработува со сите владини и невладини институции, се праватзаеднички акции.

**СЛАБИ СТРАНИ:**

- Во последните две години послаба е вклученоста на родителите вореализација на дел од училишните проекти.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ** (Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидатвклучени во планот за развој на училиштето):

- Продолжување на соработката со локалната заедница за подобр обрување наусловите за работа во училиштето
- да се продолжи соработката со родителите за нивно поголемо вклучување при релизаци ација на училишните проекти и подобрување на условите заживот и работа во училиштето.